Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 28 јуни 2022 година

Скопје, јуни 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2022 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество, како и Дрита Абдиу – Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања и м-р Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 52-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јуни 2022 година**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за одржана оценска мисија на Европската комисија на тема: Борба против организираниот криминал и корупцијата, со фокус врз конфискација на незаконски стекнат имот и употреба на специјални истражни мерки, во периодот 20 - 24 јуни 2022 година

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година – 30 јуни 2022 година (петта измена)

- Агенда за дигитална трансформација

- Информација за учество на Република Северна Македонија во Програмата Дигитална Европа (DIGITAL EUROPE)

- Информација за изготвување на закон за архивска дејност

1. Извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2021 година

2. Предлог-одлука за прогласување на Офицерскиот дом во Битола за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

3. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Долнени (за објект фискултурна сала) и Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Долнени (за објект гимназија СОУ Преродба-Рилиндја)

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.25/22 (КП бр.6103 дел 2 за КО Карпош)

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.29/22 (КП.бр.10746 дел 1 за КО Драчево 2)

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (КП 15505, КО Охрид 3)

7. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (информатичка опрема, печатари и скенери)

8. Информација за потреба од набавка на моторно возило за успешно функционирање на Националната установа Охридско лето и непречена реализација на проектот „Фестивал Охридско лето“

9. Предлог - уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка

11. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (КП бр.2232 КО Струга)

12. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2021/2199 на Советот од 13 декември 2021 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија

13. Информација за утврдување на Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог - кодекс

14. Информација за квантифицирани неправилности утврдени во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност од 2019 година, на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право“, со предлог за креирање на политики

15. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на фасада, подови и внатрешно уредување во ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Струга, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на фасада, подови и внатрешно уредување во ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Струга

16. Информација за давање мислење за основање на општинско основно училиште „Абдил Фрашери“ с.Арачиново, во Општина Арачиново

17. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица во с.Чемерско, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

18. Информација за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Детска градинка „Џунгла“-Скопје, со Предлог-одлука

19. Информација за потпишување на Заложбата од Белград 2022 (The Belgrade Pledge 2022), од страна на министрите за здравство на земјите членки на Здравствената мрежа на земјите на Југоисточна Европа, со усогласен текст на Заложба

20. Информација за текот на постапката во врска со судскиот спор за набавка на интегриран здравствен информатички систем

21. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство и трговија Еуро-кан фарма ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

22. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за ветеринарна медицина“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје (книги)

23. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно - математичкиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (книги)

24. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (книги)

25. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид (книги)

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин“ - Кичево (книги)

28. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (книги)

29. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (книги за потребите на ЈОУ Дом на културата „25 Мај“ - Валандово)

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Велес (патничко возило)

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“ - Скопје (линеарен акцелератор)

32. Предлог-одлука за испраќање на хуманитарна помош за заштита и спасување во Република Украина

33. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Оперативно постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот

34. Барање за давање на автентично толкување на член 6 ставови (2) и (5) од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/19), поднесено од пратеникот Емилија Рамбабова

35. Годишен извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2021 година

36. Извештај за работата на ректорот и Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола за академската 2020/2021 година и Годишен завршен финансиски извештај на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола за 2021 година

37. Барање за давање на автентично толкување на член 134 став (6) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13,

113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Лидија Тасевска

38. Барање за давање на автентично толкување на член 12 став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Бране Петрушевски

39. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

40. Предлог на закон за уставни судии, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борис Крмов

41. Предлог на резолуција против рехабилитацијата и глорификацијата на фашизмот, нацизмот и нивните современи облици, поднесена од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

42. Иницијатива од Снежана Терзијанова и други, од Струмица, доставена преку адвокат Димитрија Мицев од Струмица, до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.39/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21)

43. Информација со предлог за преземање мерки за решавање на проблемите со кои се соочуваат неевидентираните лица во матичната книга на родените, а во врска со неможноста да ги остваруваат правата утврдени во Законот за неевидентирани лица во матична книга на родените

44. Кадровски прашања

45. Прашања и предлози

46. Годишен извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2021 година

47. Информација за состојбите во однос на обезбедувањето на социјална и здравствена заштита од страна на граѓанските организации

48. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со техничко вештачење/експерти во арбитражна постапка поведена од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрожденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем

Кадомски, Игор Компанец, Серги Надиеждин и Володомир Скубенко, против Република Северна Македонија (ICSID Случај бр. ARB/19/9) со статус на предметот

49. Понуда од нотар Методија Ристоски од Скопје, за продажба на недвижен имот кој претставува 14724/41332 идеален дел од КП бр.2714/1 КО Маџари, запишан во Имотен лист бр.70280, викано место/улица „Индустриска"

50. Информација за измена на финансиски алокации во Секторската оперативна програма за транспорт (СОПТ) 2014-2020 и префрлување на проекти од ИПА 2 во други достапни програми (ИПА 3 и Програма за безбеден и одржлив транспорт)

51. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2021 година

52. Информација во врска со иницијативата за склучување на Меморандум за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Независниот орган за јавни приходи (НОЈП) на Република Грција, со текст на Меморандум

53. Информација за одржување на Втората седница на Комитетот за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија

54. Информација за продолжување на рокот за доставување на понуда за учество во Втора фаза од постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и реализација на Проектот за изградба на хидроелектрични централи на Црна Река, со Тендерска документација

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јуни 2022 година.

*

*     *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

- Информација за одржана оценска мисија на Европската комисија на тема: Борба против организираниот криминал и корупцијата, со фокус врз

конфискација на незаконски стекнат имот и употреба на специјални истражни мерки, во периодот 20 - 24 јуни 2022 година

Владата ја разгледа Информацијата за одржана оценска мисија на Европската комисија на тема: Борба против организираниот криминал и корупцијата, со фокус врз конфискација на незаконски стекнат имот и употреба на специјални истражни мерки, во периодот 20 - 24 јуни 2022 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда да обезбеди податоци на англиски јазик и преку Секретаријатот за европски прашања да ги достави до Европската комисија следните информации:

-податоци за измените во постапување со конфискуван/одземен имот од новиот Кривичен закон;

-податоци за предложената конфискација и

-пишан материјал во однос на моменталната состојба на функционирање на Агенцијата за управување со одземен имот, најдоцна до 29 јули 2022 година.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година – 30 јуни 2022 година (петта измена)**

Владата:

1. Го разгледа Барањето од Министерството за здравство за изменување на Законодавната агенда, го прифати и заклучи да се измени Законодавната агенда и тоа:

- Предлогот на закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци, рокот за доставување наместо април 2022 година да биде декември 2022 година.

- Предлогот на закон за медицински средства, рокот за доставување наместо мај 2022 година да биде декември 2022 година.

- Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на населението од заразни болести, рокот за доставување наместо мај 2022 година да биде 1 септември 2022 година.

- Предлогот на закон за лекови, рокот за доставување наместо мај 2022 година да биде септември 2022 година.

Согласно овој заклучок, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2022-30.6.2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на

Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2022-30.6.2022 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

- **Агенда за дигитална трансформација**

- Информација за учество на Република Северна Македонија во Програмата Дигитална Европа (DIGITAL EUROPE)

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Република Северна Македонија во Програмата Дигитална Европа (DIGITAL EUROPE) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во координација со Секретаријатот за европски прашања и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење во рок од пет дена во име на Владата на Република Северна Македонија, да испрати писмо за интерес за учество во Дигитална Европа (DIGITAL EUROPE).

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да предвиди средства во буџетот за 2023 година за оваа намена и да го финализира членството по обезбедување на средствата.

Истовремено, Владата, со цел подобра координација помеѓу ресорите во делот на процесите на дигитализација, ги задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење и Министерството за информатичко општество и администрација, да подготват и за наредната седница на Владата да достават информација со соодветно решение во однос на назначување на координатор за дигитализација со јасно дефинирани и прецизирани надлежности, (на кој начин и на кое ниво ќе биде координацијата) задачи и обврски (подготовка на стратегии, имплементација, контакти со меѓународни организации во однос на обезбедување на средства и идеи и сл.).

- Информација за изготвување на закон за архивска дејност

Владата ја разгледа Информацијата за изготвување на закон за архивска дејност и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од еден месец да формира меѓуресорска работна група за изработка на Предлог на закон за архивска дејност со претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за

политики за добро владеење, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за култура, Државниот архив на Република Северна Македонија, Државниот управен инспекторат, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Агенцијата за заштита на личните податоци, која ќе ја координира Министерството за информатичко општество и администрација.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, Министерството за култура, Државниот архив на Република Северна Македонија, Државниот управен инспекторат и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, а и се укажува на Агенцијата за заштита на личните податоци, во рок од 15 дена до Министерството за информатичко општество и администрација да номинираат членови во меѓуресорската работна група.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна до 1.10.2022 година да го достави Предлогот на закон за архивска дејност до Владата.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и го усвои Извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2021 година.

Истовремено, Владата заклучи Фондот при подготовка на Извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2022 година, да ги има предвид забелешките во Мислењето на Министерството за труд и социјална политика во насока на подобрување на содржината на Извештајот.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за прогласување на Офицерскиот дом во Битола за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии во смисла мерките за непосредна заштита да се реализирааат во рамките на одобрениот буџет во соодветната фискална година кај надлежните институции и органи на државна управа.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ги донесе новите текстови на Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Долнени (за објект фискултурна сала) во предложениот текст и Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Долнени (за објект гимназија СОУ Преродба-Рилиндја), во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.25/22 (КП бр.6103 дел 2 за КО Карпош), за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 5**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.29/22 (КП.бр.10746 дел 1 за КО Драчево 2), за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 6**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (КП 15505, КО Охрид 3), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (информатичка опрема, печатари и скенери), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за потреба од набавка на моторно возило за успешно функционирање на Националната установа Охридско лето и непречена реализација на проектот „Фестивал Охридско лето“ и го прифати Барањето за набавка на поволно моторно возило - комбе.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

Истовремено, согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство, Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика, да подготви и во најкраток можен рок до Владата да достави соодветни измени на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поради потребата од усогласување/комплементарност со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (КП бр.2232 КО Струга), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2021/2199 на Советот од 13 декември 2021 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за утврдување на Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог - кодекс, за наредната седница на Владата.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за квантифицирани неправилности утврдени во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност од 2019 година, на тема „Ефективност на политиките, мерките и

активностите при доделување на водното право“, со предлог за креирање на политики и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии, да подготви и во рок од шест месеци до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на фасада, подови и внатрешно уредување во ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Струга, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на фасада, подови и внатрешно уредување во ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Струга и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издаденото позитивно мислење од Министерството за финансии даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука од потпрограма ТБ, сметка 637 за јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на фасада, подови и внатрешно уредување во ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Струга како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на фасада, подови и внатрешно уредување во ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Струга, со динамика на плаќање и тоа:

- За реконструкција 18.089.843,00 денари со ДДВ во 2022 година и 14.038.253,00 денари со ДДВ во 2023 година и
- За надзор 468.534,00 денари со ДДВ во 2022 година и 334.668,00 денари со ДДВ во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука по добиеното одобрение да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на фасада, подови и внатрешно уредување во ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Струга како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на фасада, подови и внатрешно уредување во ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Струга.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 16**

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Информацијата за давање мислење за основање на општинско основно училиште „Абдил Фрашери“ с.Арачиново, во

Општина Арачиново и даде позитивно мислење за основање на ново општинско основно училиште „Абдил Фрашери“ с.Арачиново, во Општина Арачиново.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица во с.Чемерско, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Детска градинка „Џунгла“ – Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Детска градинка „Џунгла“ Карпош, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Заложбата од Белград 2022 (The Belgrade Pledge 2022), од страна на министрите за здравство на земјите членки на Здравствената мрежа на земјите на Југоисточна Европа, со усогласен текст на Заложба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Заложбата од Белград 2022 (The Belgrade Pledge 2022).

2. Се овластува д-р Беким Сали, министер за здравство, да ја потпише Заложбата од Белград 2022 (The Belgrade Pledge 2022), на начин усогласен со Министерството за надворешни работи.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на постапката во врска со судскиот спор за набавка на интегриран здравствен информатички систем и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за текот на постапката во врска со судскиот спор за набавка на интегриран здравствен информатички систем.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија заради правна заштита на имотните права и интереси на државата да ја согледа можноста за вонсудско спогодбено решавање на спорот помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и C&T Хрватска ДОО Скопје.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство и трговија Еуро-кан фарма ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија Еуро-кан фарма ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за ветеринарна медицина" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" - Скопје (книги), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно - математичкиот факултет" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје (книги), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје (книги), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Библиотека „Григор Прличев" - Охрид (книги), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин" - Кичево (книги), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (книги), во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (книги за потребите на ЈОУ Дом на културата „25 Мај“ - Валандово), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Велес (патничко возило), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“ – Скопје (линеарен акцелератор), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на хуманитарна помош за заштита и спасување во Република Украина, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Оперативно постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 6 ставови (2) и (5) од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/19), поднесено од пратеникот Емилија Рамбабова и притоа го утврди следното мислење:

Во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта („Службен весник на

Република Северна Македонија“ бр.261/19), во член 6 став (2) е пропишано дека увозот на добра/стоки од страна на Министерството за транспорт и врски, наменети за Проектот за поврзување на локални патишта, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон е ослободен од данок на додадена вредност и увозни давачки, како и од акциза при увоз на патнички автомобили и минерални масла.

Понатаму, во истиот член од горенаведениот закон, во став (5) е предвидено дека Министерството за транспорт и врски при увоз на добрата ослободени согласно со ставот 2 на овој член, на надлежниот царински орган задолжително му доставува копија од Договорот за заем од членот 2 од овој закон и изјава дека увезените добра/стоки се наменети за реализација на Проектот за поврзување на локални патишта, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Притоа, видно од Барањето за автентично толкување доставено од подносителот, произлегува дека истото е поднесено поради неможност за примена на член 6 од Законот, поради неусогласеност на одредбите од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, со Законот за данок на моторни возила.

Оваа неусогласеност, односно недоследност како што е наведено од страна на подносителот, создава правна празнина и неможност за примена на член 6 од горенаведениот закон, а за потребите на проектната единица во Министерството за транспорт и врски, при што истото директно влијае во однос на ослободувањето од акциза при увоз на патнички автомобили.

Од таа причина е побарано автентично толкување на одредби од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, кои се однесуваат на даночните и царинските ослободувања.

Со Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/01........120/18), меѓудругото беше уредена и акцизата на патничките автомобили.

Во меѓувреме од 1 јануари 2020 година почна со примена новиот Закон за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19........57/22), при што патничките автомобили не се предмет на уредување на овој закон и истите се уредени во нов посебен Закон за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/19) кој се применува од 1 јануари 2020 година.

Сето ова, создаде таква фактичка состојба според која со предметниот Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на

Проектот за поврзување на локални патишта, каде меѓу другите даночни и царински ослободувања е пропишано и ослободување од акциза при увоз патнички автомобили и минерални масла, согласно Законот за акцизите кој тогаш беше во примена.

Во меѓувреме, се случува промена во однос на претходно наведената фактичка состојба на начин што во периодот кога се применува предметниот Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, односно сега, веќе не постои акциза на патнички автомобили.

Сето ова, погоре наведено, односно евидентноста на постоење на правна празнина, која напоменуваме дека во конкретниот случај не е резултат на пропуштање на уредување на одредена правна норма, туку настанала дополнително, односно по донесувањето на предметните законски одредби, бидејќи во меѓувреме настануваат нови правни состојби, кои доведуваат до неможност за примена на предметните законски одредби, кои се пропишани во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта.

Имено, во конкретниов случај постоењето на правна празнина во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, резултира со неприменливост на одредена пропишана законска одредба од законот чија цел, односно суштина, всушност покрај пропишаното ослободување од данок на додадена вредност и од увозни давачки е да се ослободи и увозот на патничките автомобили од оданочување со акциза како посебна давачка која тогаш била уредена со постојниот Закон за акцизите кој бил во примена.

Така, фактот дека во предметниот Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта е пропишано ослободување од акциза при увоз на патнички автомобили, а за која се укажува дека веќе не постои, всушност создава неможност за примена, односно неприменливост на одредбата со која конкретно е пропишано ослободување од „акциза при увоз на патнички автомобили“.

На тој начин, пропишаното ослободување во Законот, од акциза при увоз на патнички автомобили станува беспредметно, односно неприменливо и истото не може да се реализира, имајќи предвид дека во периодот на примена на Законот, веќе не постои акциза на патнички автомобили, туку данок на моторни возила за патнички автомобили кој е уреден во новиот сега веќе постоен закон за данок на моторни возила кој се применува од 1 јануари 2020 година.

Дополнително, потенцираме дека пропишување на даночни и царински ослободувања во предметниот закон, меѓудругото е всушност во функција на реализација на проектот за поврзување на локални патишта кој се финансира со предметниот Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта.

Во таа насока, се укажува дека пропишаните ослободувања од аспект на данокот на додадена вредност, увозни давачки и акцизите, во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.261/19), за цели на реализација на предметниот проект, се уредени како lex specialis и како такви ќе се применуваат.

Имајќи ја предвид целта од пропишувањето на ослободување од акциза при увоз на патничките автомобили, во Законот, како и тогашната фактичката состојба според која видот на таквата посебна давачка за оданочување при увоз на патничките автомобили била уредена во Законот за акцизите и тоа конкретно како „акциза на патнички автомобили" неспорно е дека во делот на даночните и царинските ослободувања кои се пропишани во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, ослободувањето од „акциза при увоз на патнички автомобили" е пропишано во согласност со постојната важечка регулатива тогаш, односно со Законот за акцизите во кој била уредена предметната проблематика.

Истовремено, се укажува дека пропишаните одредби од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на проектот за поврзување на локални патишта кои се однесуваат на ослободување од данок на додадена вредност и од царина како увозна давачка се јасно и прецизно пропишани и нема пречка за нивна примена.

Со оглед на тоа дека не постои пречка за реализација на ослободувањата од данокот на додадена вредност и на увозни давачки, истите не треба да бидат предмет на автентично толкување од страна на Собранието, при што Владата му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го прифати Барањето за автентично толкување во врска со член 6 став (2) од предметниот закон кое се однесува на прашањето за реализација на пропишаното слободување од акциза при увоз за патнички автомобили.

## Точка 35

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2021 година е во функција на исполнување на обврската на Фондот, согласно член 67 став 1 од Законот за здравственото осигурување, според кој Фондот е должен најмалку еднаш годишно да доставува извештај за својата работа и анализа за економско-финансиското работење до Министерството за здравство, Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

Владата на Република Северна Македонија во однос на доставениот Годишен извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2021 година дава позитивно мислење.

## Точка 36

Владата го разгледа Извештајот за работата на ректорот и Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола за академската 2020/2021 година и Годишниот завршен финансиски извештај на Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола за 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Во Извештајот за работата на Ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, за 2020/2021 година, се дадени статистички податоци од академската 2020/2021 година, во кој се прикажува следното:

-Во Конкурсот за запишување на студенти на прв, втор и трет циклус на студии за академската 2020/2021 година, односно за прв циклус се понудени за упис вкупно 48 студиски програми (од кои две на англиски јазик), за втор циклус 59 (од кои 50 академски и 9 стручни/специјалистички) студиски програми и за трет циклус 20 студиски програми;

-Вработувања, унапредувања на академскиот кадар, капиталните инвестиции, точниот број на вработени во Универзитетот (администрација и академски наставен кадар), вкупниот износ на средства за исплата на плати, како и други исплати од сметките 603-Буџетска сметка, 631-Сметка за кирии и закупнини, 785-Донаторска сметка и 788-Сметка од сопствени приходи;

-Конечен број на запишани студенти само за 2020/2021 година, на прв, втор и трет циклус на студи и дипломирани студенти;

-Комплетна анализа на работата на ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола;

-Извршена последователна надворешна самоевалуација за управување, настава и учење, истражување, обезбедување квалитет, соработка универзитет-надворешно опкружување, интернационализација, како најзначајни приоритети на Универзитетот, за периодот од 10 до 19.05.2021 година. Покрај проверката на

интегративните Универзитетски процеси, посебно е скенирано работата и на две единици во состав на Универзитот „Св. Климент Охридски“ во Битола, односно на Факултетот за туризам и угостителство и на Технолошко-техничкиот факултет;

-Донесени се: Подзаконски прописи кои се уредуваат со тековни прашања;

-Склучени договори за интеруниверзитетска и интеринституционална соработка со странски универзитети, а за која цел на деканите/директорите им е дадена авторизација за реализација на ваквите иницијативи;

-Учество во меѓународни асоцијации и мрежи поврзани со високото образование и следење на форуми, средби, настани со меѓународен предзнак;

-Учеството на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола во Европските програми за соработка, Еразмус +;

-Унапредување и воспоставување на нови соработки со деловната заедница во рамки на Центарот за кариера, алумни и доживотно учење.

-Усвоен Извештајот за реализација на издавачка дејност на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола за 2020 година кој што содржи 35 изданија од сите единици на Универзитетот и Предлог-годишниот план за издавање на учебници, учебни помагала, монографии и други изданија за 2021 година со вкупно 144 наслови.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема позначајни забелешки во однос на Извештајот за работата на ректорот и Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола за академската 2020/2021 година, во кој во главно се содржани потребните податоци и анализи за реализација на дејноста на овој Универзитет, а кои се реализирани во текот на академската 2020/2021 година.

Во однос на финансиското работење, имајќи предвид дека презентираните финансиски показатели не се во согласност со трезорската евиденција, се укажува на потребата Извештајот соодветно да се коригира.

**Точка 37**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 134 став (6) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Лидија Тасевска и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Барањето за автентично толкување смета дека актуелниот член 134 став (6) не е јасен и постои нееднаква примена на истиот при пресметувањето на додатокот на плата во вршењето на здравствената дејност, која согласно природата на работата, се врши во смени, двократно, со приправност и со дежурства и дека особено кога дежурството се одвива во недела доведува до дилеми дали треба да се исплаќа само додаток на плата за дежурство или и додаток на плата за работа во недела.

Членот 134 од Законот за работните односи го утврдува правото на неделен одмор на работникот во траење од најмалку 24 часа непрекинато, плус 12 часа дневен одмор од членот 133 на овој закон и ја определува неделата како ден на неделен одмор за сите, притоа наведувајќи ги исклучоците кај работодавачи во дејностите во кои природата на работниот процес е таква што не може да се прекине или мора да се одвива континуирано и каде ден на неделен одмор може да биде и друг ден во неделата.

Понатаму, Законот уредува дека работниците кај работодавачите од трговија на мало и трговија на големо, денот на неделен одмор го користат во согласност со Законот за трговија. Законот предвидува работа во недела во дејностите коишто не се наведени како исклучоци во случај на природна и друга несреќа или хаварија и спречување на последиците од нив или кога таква несреќа непосредно се очекува, на барање на работодавачот, кога работникот е должен да работи и во недела заради заштита на животот и здравјето на луѓето и спречување на непоправлива материјална штета.

Во ставот (6) од истиот член е предвидено дека во сите претходно наброени случаи кога работникот работи во недела, покрај правото на додаток на плата за работа во недела, работникот има право и на користење на неделен одмор во наредните седум дена, а додатокот на плата за работа во недела изнесува најмалку 50% за секој час поминат на работа, доколку со закон и колективен договор не е утврден повисок износ на додатокот.

Согласно наведената содржина на член 134 (6) додатокот на плата за работа од најмалку 50% за секој час поминат на работа во недела им следува на работниците кои работат во недела. Во здравствената дејност постои специфична организација на работата со цел да се обезбеди континуираната здравствена заштита. Кога, по исклучок, не е можно истата да се обезбеди со организација на работата во смени, се воведуваат дежурства, при што постои различен третман на работните часови на работниците.

Имено, часовите поминати на дежурство не спаѓаат во вкупниот број на редовни работни часови кои го сочинуваат полното работно време на работникот, туку тоа се часови над полното работно време и за истите се исплаќа посебен додаток за дежурство.

Во смисла на наведеното, за работата во смени и за часовите од полното работно време на работникот одработени во недела, без разлика на видот на смените (8-часовни, 12-часовни и сл.) на работникот му следува додаток за работа во недела од најмалку 50% за секој час одработен во недела, при што, ова не се однесува и на часовите на дежурство, кои не се дел од полното работно време и за кои се добива додаток на плата за дежурство.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 134 став (6) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12,

39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), е јасен и прецизен и поради тоа му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

## Точка 38

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 12 став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Бране Петрушевски и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 12 од Законот за работните односи се утврдува правото на ограничување на автономијата на договорните страни и истиот предвидува:

(1) При склучувањето и престанувањето на договорот за вработување и во времетраењето на работниот однос работодавачот и работникот се должни да ги почитуваат одредбите на овој и други закони, меѓународните договори што ја обврзуваат Република Северна Македонија и другите прописи, колективните договори и актите на работодавачот.

(2) Со договорот за вработување, односно со колективен договор не може да се определат помали права од правата утврдени со закон, а ако содржат такви одредби, се сметаат за ништовни и се применуваат соодветни одредби од закон.

(3) Со договорот за вработување, односно со колективен договор може да се одредат правата, кои за работниците се поповолни, отколку што ги определува овој закон.

Правата од работен однос се утврдени со Уставот, закон и колективен договор не можат да се одземаат или ограничат со акти и дејствија на работодавачот.

Ставот (2) од цитираниот член јасно наведува дека договорот за вработување, односно колективниот договор не може да определат помали права од правата утврдени со закон и колективен договор, а доколку содржи такви, истите се ништовни и се применуваат соодветните одредби од закон.

Смислата пак на ставот (3) од членот 12, кога се зборува за „поповолни права“ е дека се однесува на веќе утврдените права, но уредени на поповолен начин, односно истите права се проширени. Одредбата треба да се чита како што е напишана, односно без вклучување на нови права.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 12 став (2) и став (3) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10,

47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) е јасен и прецизен, поради што му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

## Точка 39

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, поради потребата Министерството за одбрана да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење, во соработка со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 40

Владата го разгледа Предлогот на закон за уставни судии, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борис Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Уставното судство во Република Северна Македонија бележи скоро шест децении од неговото постоење. Првиот Уставен суд, како посебна категорија во нашиот уставен поредок за прв пат е воведен со Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1963 година. Со малку променета положба и потесна уставна регулација се воведува и во Уставот на Република Македонија во 1991 година, како прв устав на независна Република Македонија.

Според член 108 од Уставот, Уставниот суд е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста, а преку неа го штити и владеењето на правото, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката, опфатени во член 8 од Уставот на Република Северна Македонија.

Вака утврдена положба во уставниот поредок на Република Северна Македонија, а тргнувајќи од начелата на уставност и законитост кои служат како одраз на општите карактеристики на целиот општествен систем, се согледува важната улога на овој суд во нашето општество преку регулирање на правните односи со уставни и законски норми кои ќе им служат пред се на граѓаните и на целокупната заедница.

Истите мора доследно да се почитуваат од страна на граѓаните како поединци, државните органи, организации и институции преку обезбедување систем на

реални гаранции за нивното почитување и санкции за нивно кршење, како и систем на ефикасна заштита од прекршувања на нормите.

Уставниот суд всушност претставува браник на заштита на уставноста и законитоста во нашата држава, заштитник на владеење на правото и гарант за почитување на Уставот на Република Северна Македонија. Неговите одлуки се конечни и извршни. Тргнувајќи од неговата организациска поставеност, тој се наоѓа на приматот со највисок авторитет со тоа што е независен од другите органи на државната власт во своето работење од Собранието, Претседателот на Републиката, од Владата и од судовите.

Уставниот суд не влегува во системот на органи на државна власт, туку е посебен државен орган чија организациона поставеност и надлежност се утврдени со самиот Устав. Само на овој начин тој може да ја оствари својата уставна надлежност за обезбедување на согласност на законите со Уставот и на другите прописи со Уставот и законите односно да ја оствари својата заштитна функција и да обезбеди владеење на правото.

Имајќи ги предвид одредбите од членовите 109 (состав и мандат на претседателот и судиите во Уставниот суд), членот 110 (надлежноста на Уставниот суд), членот 111 (неспојливост на функција, имунитет и одговорност на судиите) и членот 112 (одлуки на Уставен суд) со кои јасно се прецизирани одредбите коишто се опфатени во Предлогот на закон којшто е поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и поради таа причина се смета дека не постои основ за донесување на нов закон за уставни судии имајќи предвид дека одредбите се веќе опфатени со горенаведените членови од Уставот на Република Северна Македонија.

Дополнително, се укажува на тоа дека во членот 113 од Уставот пропишано е дека начинот на работа и постапката пред Уставниот суд се уредуваат со акт на Судот односно во конкретниот случај, Деловникот за работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема потреба од донесување на посебен закон за уставните судии и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за уставни судии, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов.

## Точка 41

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на резолуција против рехабилитацијата и глорификацијата на фашизмот, нацизмот и нивните современи облици, поднесена од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов, поради потребата Министерството за правда да подготви мислење по материјалот.

Материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 42

Владата ја разгледа Иницијативата од Снежана Терзијанова и други, од Струмица, доставена преку адвокат Димитрија Мицев од Струмица, до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.39/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите во Иницијативата, имајќи предвид дека со оспорените членови 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), во членот 1 се утврдува дека договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено, и во членот 2 се утврдува дека за поднесените изјави за продолжување на договорот за вработување до 31 август 2021 година се применуваат одредбите од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19 и 267/20). Договорот за вработување од ставот 1 на овој член важи до истекот на времето за кое е продолжен, а најдоцна до 30 јуни 2022 година.

Подносителот на Иницијативата смета дека содржината на истиот дозволува нееднаквост на граѓаните пред законите, внесува дискриминација во сферата на работните односи и ги става во поповолна положба некои граѓани наспроти други, и е во спротивност со членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во член 32 во Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека:
„Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.
Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.
Секој вработен има право на соодветна заработувачка.
Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат.
Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори".

Со членот (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), се менува членот 104 и истиот утврдува дека договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13,

170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20), во членот 104 го уредуваше прекинувањето на договорот за вработување поради возраст на работникот со кој има склучено договор за вработување. Во ставот (1) од овој член, беше дефинирано дека работодавачот го прекинува договорот за вработување кога работникот ќе наполни 64 години возраст и ќе има најмалку 15 години пензиски стаж. Наведените години на потребен пензиски стаж се во тесна врска со условот за стекнување на право на старосна пензија, согласно член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19 и 31/20). Од оваа причина, ваквото законско решение имплицира дека наведените услови за прекинување на договорот за вработување треба да се гледаат кумулативно и дека работодавачот не може да го раскине договорот за вработување иако работникот наполнил 64 години возраст, доколку работникот има договор за вработување на неопределено работно време, а нема најмалку 15 години стаж на осигурување.

Поради кумулативноста на условите од членот 104 став (1) од Законот, понатаму, во истиот член се разработуваше можноста за продолжување на договорот за вработување на доброволна основа, односно со поднесена изјава за продолжување на договорот за вработување од страна на работникот, во точно детерминиран рок за поднесување, а продолжувањето на договорот за вработување, согласно оваа одредба од Законот, можеше да се остварува се до навршување на 67 години возраст на работникот, кога по сила на Законот, договорот за вработување мораше да се прекине.

Со формулирањето на последното законско решение, прво, се укина можноста за продолжување на договорот за вработување до 67 години со изјава на работникот и притоа, се потврди двостраноста на работниот однос, односно се отстрани задолжителноста за продолжување на договорот за вработување, по едностраната изјава на волја на работникот, а како второ, Законот понатаму дава можност, ова да биде поинаку уредено со друг закон.

Давајќи отстапка од генералната рамка на уредување на овој сегмент од работниот однос, законодавецот ја распознава специфичноста на одредени професии, во кои, доколку престанокот на договорот за вработување се применува согласно претходно опишаниот начин, може да дојде до загрозување на други уставно загарантирани права. Имено, ова би се случило, на пример, во областа на образованието, каде престанокот на работниот однос е врзан со завршетокот на учебната година, а не со возраста и стажот на работникот. Доколку би се применувало само решението „.... 64 години возраст и 15 години пензиски стаж..." и доколку нема соодветен стручен кадар, во оваа област ќе се наруши правото утврдено во членот 44 од Уставот, според кој: „Секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно." Понатаму, недостатокот на кадри во областа на

здравството, директно ќе влијае на уставно загарантираното право на здравствена заштита, утврдено во членот 36 од Уставот на Република Северна Македонија.

Оттука, произлегува дека одредбите од членот 104 од Законот за работните односи не можат да се применуваат за сите вработени, од причина што од оспорените одредби „...доколку со друг закон поинаку не е уредено“ јасно произлегува дека тој има супсидијарна примена во случаи кога со други посебни закони истата материја е уредена поинаку. Следствено, Законот за работните односи се јавува како lex generalis во уредувањето на работните односи, а додека законодавецот може со други посебни закони (lex specialis) да доуреди одредени прашања од оваа материја кои би се однесувале за одредена категорија на работници, при што со тоа не би се нарушило уставното начело на еднаквост, кое согласно уставно – судската пракса подразбира дека со еднаквите се постапува еднакво, а со нееднаквите нееднакво.

Во членот (2) се утврдува дека за поднесените изјави за продолжување на договорот за вработување до 31 август 2021 година се применуваат одредбите од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.110/19 и 267/20). Договорот за вработување од ставот (1) на овој член важи до истекот на времето за кое е продолжен, а најдоцна до 30 јуни 2022 година

Ваквото законско решение е во корелација со целта која треба да ја постигне измената на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), односно прекин на работниот однос во моментот кога вработениот ке ги исполни условите за пензионирање. Без едно вакво решение практично и не може да се инплементира членот (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи и затоа ова одредба е ставена како преодна одредба. Ваквите одредби како нематеријални во суштина се одредби преку кои се олеснува имплементацијата на некоја претходна уредена правна работа. Со сите напред наведени факти , објаснивме дека самата материјална одредба од член (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), е уставна и е во согласност со член 32 од Уставот на Република Северна Македонија, тогаш правно нелогично и целосно неиздржано е, самата преодна норма да е неуставна.

Во оваа смисла, имајќи сеопфатно разбирање за комплексноста на материјата што се уредува, од една страна, но од друга страна, ова е јасно и недвосмислено дека ова законско решение претставува општа, генерална одредба и истото е во согласност со член 32 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, смета дека оспорениот дел од членовите 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), е во согласност со член 32 од Уставот на Република

Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21).

**Точка 43**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со предлог за преземање мерки за решавање на проблемите со кои се соочуваат неевидентираните лица во матичната книга на родените, а во врска со неможноста да ги остваруваат правата утврдени во Законот за неевидентирани лица во матична книга на родените, со заклучок Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви предлог-заклучоци врз основа на мислењата на надлежните министерства (Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи), како и мислењето на Министерството за образование и наука, кое Министерството ќе го подготви и достави до Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 44**

Владата заклучи:

1. Го именува Амир Билали, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт, за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Го отповика Булент Камбер од должноста член на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје.

2.1. Го избра Доган Тахир за член на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје.

3. Го отповика Кристијан Трајковски од должноста извршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

3.1. Го избра Зоран Ѓоргиев за извршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

4. Го именува Дритан Адеми, досегашен вршител на должноста заменик - директор на Државниот испитен центар, за вршител на должноста заменик - директор на Државниот испитен центар.

5. Го именува Аријан Асланај, досегашен вршител на должноста директор на Управата за заштита на културно наследство, за вршител на должноста директор на Управата за заштита на културно наследство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Го именува Бљерим Абази, досегашен вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, за вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Го именува Беким Емини, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, за вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Го именува Мерхал Исмаили, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, за вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и исторемено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Го разреши Реџеп Реџепи од должноста вршител на должноста директор на КПУ Казнено - поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.

10. Го именува Шпенд Таири за вршител на должноста директор на КПУ Казнено - поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Го разреши Марко Михаилоски од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје, поради истек на мандатот.

11.1. Го именува Марко Михаилоски за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје.

12. Го разреши Дритон Кадрија од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ – Скопје, поради истек на мандатот.

12.1. Го именува Дритон Кадрија за член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ – Скопје.

13. Го разреши Ќефни Усеини од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, поради истек на мандатот.

13.1. Го именува Ќефни Усеини за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје.

14. Го разреши Иса Абази од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, поради истек на мандатот.

14.1. Го именува Иса Абази за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје.

15. Ја разреши Елјеза Јонузи од должноста член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

15.1. Го именува Руждија Рушитоски за член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

16. Заклучокот под бр. 12 од Точка 74 (кадровски прашања) од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21.6.2022 година - Одлука за  дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија, нема да се реализира.

<u>**Точка 45**</u>

**1.** Во врска со примена на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште и Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност, Владата ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство во рок од седум дена до Министерството за финансии да номираат членови во работна група, која да одржи работен состанок заради обезбедување на конзистентност во однос на цените на градежно земјиште, утврдени согласно уредбите и во рок од 60 дена, Министерството за финансии да ја информира Владата за можни решенија.

Истовремено, Владата заклучи во процесот да се консултираат стопанските комори на јавна расправа и Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на

Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 16 јуни 2022 година до 22 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Министерот без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Џемаил Чупи, ги информираше членовите на Владата за спроведувањето на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, за потребата за излегување во пресрет на барањата на иселениците во дијаспората кои во летниот период доаѓаат во поголем број, како и за заедничка соработка и ангажман на институциите, со цел надминување на предизвиците со кои се соочуваат при посетата на Република Северна Македонија, а со тоа и зголемување на довербата во државните институции.

**4.** Владата во врска со Информацијата за деловен простор потребен на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги задолжи заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, со директорите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и претставници од Секретаријатот за законодавство, да одржат работен состанок и изнајдат решение за просторно сместување на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и за наредната седница на Владата да достават соодветен предлог.

**5.** Во врска со Годишниот план за проценка на ризици од корупција, согласно Извештајот за усогласеност на ГРЕКО (петти круг на евалуација), а во однос на Препорака II., Владата заклучи:

1) Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа во рок од 15 дена да донесат годишен план за проценка на ризици од корупција за 2022 година соодветен на нивната надлежност и веднаш да го објават на својата веб-страница.

2) Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа во рок од пет дена од денот на донесувањето на годишниот план за проценка на ризици од корупција, да достават известување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење.

3) Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа да донесат годишен план за проценка на ризици од корупција за 2023 година соодветен на нивната надлежност, заклучно со 31 декември 2022 година.

**6.** Во врска со Извештајот за усогласеност на ГРЕКО, петти круг на евалуација, а во пресрет на новата евалуација во септември и донесувањето на новиот Извештај за усогласеност со кој се испитува имплементацијата на секоја поединечна препорака содржана во Извештајот, а во однос на Препорака V., Владата заклучи:

- Се задолжува Секторот за односи со јавноста при Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да достави Информација за остварени средби на премиерот, замениците на претседателот на Владата, генералниот секретар, заменикот на генералниот секретар и министерот без ресор, задолжен за дијаспора со домашни лобисти (член 24 од Законот за лобирање) за период од 17.1.2022 година заклучно со 30.6.2022 година.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 11 јуни 2022 година до 17 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 46**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите во однос на обезбедувањето на социјална и здравствена заштита од страна на граѓанските организации, како материјал за информирање.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со техничко вештачење/експерти во арбитражна постапка поведена од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрожденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомски, Игор Компанец, Серги Надиеждин и Володомир Скубенко, против Република Северна Македонија (ICSID Случај бр. ARB/19/9) со статус на предметот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност на ангажирањето на стручните лица, вештаци/експерти и тоа на ASTERS –за спроведување на истражувања за битни прашања кои се однесуваат на работата на тужителите во Украина, нивните бизнис релации со други компании, вклучувајќи, но неограничувајќи се на обезбедување на важни документи за нивното деловно работење од соодветните надлежни министерства и другите органи на државната управа во Украина и на SLR за технички, рударски и инженерски прашања.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во својство на претседавач на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во рок од три дена ја извести адвокатската куќа Вајт и Кјес (White&Case) за дадената согласност за ангажирањето на стручните лица, вештаци/експерти и тоа на ASTERS –за спроведување на истражувања за битни прашања кои се однесуваат на работата на тужителите во Украина, нивните бизнис релации со други компании, вклучувајќи, но неограничувајќи се на обезбедување на важни документи за нивното деловно работење од соодветните надлежни министерства и другите органи на државната управа во Украина и на SLR за технички, рударски и инженерски прашања.

## Точка 49

Владата ја разгледа Понудата од нотар Методија Ристоски од Скопје, за продажба на недвижен имот кој претставува 14724/41332 идеален дел од КП бр.2714/1 КО Маџари, запишан во Имотен лист бр.70280, викано место/улица „Индустриска“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за измена на финансиски алокации во Секторската оперативна програма за транспорт (СОПТ) 2014-2020 и префрлување на проекти од ИПА 2 во други достапни програми (ИПА 3 и Програма за безбеден и одржлив транспорт) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за финансии (Сектор за централно финансирање и склучување на

договори) да подготви измена на финансиските алокации во СОПТ 2014-2020 и измената да ја достави до Секретаријатот за европски прашања (НИПАК), најдоцна за 30 дена.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања (НИПАК) измената на финансиските алокации во СОПТ 2014-2020 да ја достави до Европската комисија најдоцна во рок од 15 дена откако истата ќе ја добие од Министерството за транспорт и врски.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски да изработи измена на Барањето со проценка за плаќања и измена на Планот за набавки 2014-2022, во врска со измената на финансиските алокации во СОПТ 2014-2020 и преместувањето на проекти од ИПА 2 во други програми во рок од 10 дена по измена на финансиските алокации во СОПТ 2014-2020.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Секретаријатот за европски прашања (НИПАК) веднаш да ја извести Делегацијата на Европската Унија за префрлањето на проектите од ИПА 2 – СОПТ 2014-2020 во другите достапни програми (ИПА 3 и Програма за безбеден и одржлив транспорт).

5. Се задолжува Министерството за транспорт и врски листата со проекти во рамките на Програмата за безбеден и одржлив транспорт веднаш да ја достави до Секретаријатот на Транспортната заедница.

## Точка 51

Владата го разгледа Годишниот извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2021 година, го усвои Годишниот извештај и заклучи согласно член 27 став 1 од Законот за јавен долг да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата во врска со иницијативата за склучување на Меморандум за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Независниот орган за јавни приходи (НОЈП) на Република Грција, со текст на Меморандум и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со иницијативата за склучување на Меморандум за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Независниот орган за јавни приходи (НОЈП) на Република Грција;

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Независниот орган за јавни приходи (НОЈП) на Република Грција;

3. Се овластува Славица Кутиров, директор на Царинската управа, да го потпише Меморандумот за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Независниот орган за јавни приходи (НОЈП) на Република Грција.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Втората седница на Комитетот за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Формира тим за експропријација предводен од Министерството за финансии во состав од претставници од следните институции:

- Министерство за финансии
- Управа за имотно-правни работи
- Државно правобранителство на Република Северна Македонија
- Јавно претпријатие за државни патишта
- Агенција за катастар на недвижности
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
- Биро за судски вештачења
- Министерство за транспорт и врски
- Кабинет на првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Јавното претпријатие за државни патишта и Градежниот факултет - Скопје, соодветно и по потреба да даваат поддршка на персоналот за правен трансакциски советник за изградба на автопатските делници од Проектот преговори по однос на обезбедување на целокупната потребна расположлива документација, како и расположливи податоци и потребни информации.

3. Се задолжува правниот трансакциски советник (преговарачки тим) за изградба на автопатските делници од Проектот задолжен за преговарање на сите детали и услови на Договорот за градење за Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Проектот за Автопатот

Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија, за исходот од преговорите да состави извештај кои ќе го достави на разгледување и одобрување до Комитетот за преговори во рок од 21 ден од денот на воведување во работа од страна на Јавното претпријатие за државни патишта.

4. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 10 дена да пристапи кон изменување на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места заради формирање на проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа - Струга -Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Министерството за финансии да даде согласност за вработување на 29 лица по формирање на проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа - Струга -Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија на определено време до завршување на Проектот, а најмногу пет години.

6. Проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија ќе биде предвидена и финансирана со Договорот за градба со стратешкиот партнер ЈВ Бехтел и Енка (JV Bechtel & Enka).

7. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да постапи согласно член 118 став 2 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар - Букојчани и Проектот на Автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија.

8. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците по формирање на проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија да обезбеди деловен простор за вработените во проектната единица.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на рокот за доставување на понуда за учество во Втора фаза од постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и реализација на Проектот за изградба на хидроелектрични централи на Црна Река, со Тендерска документација и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја одобри измената на Тендерската документација за Фаза 2 - инструкции за понудувачите, со заклучок крајниот рок за доставување на понудите наместо 15 јули 2022 година, да биде 7 септември 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање навремено да ги информира сите потенцијални понудувачи кои подигнале документација за измена на рокот за достава на понуди за учество во втора фаза од постапката.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:40 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**м-р Методија Димовски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Димитар Ковачевски**